**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.08.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3925 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 29 јули 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 август 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (информации достапни на корисниците);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 20.06.2016 година, за непочитување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (информации достапни на корисниците), директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-342, 20.06.2016 година) на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (23.06.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 29 јули 2016 година, на регионално ниво (Д6-Мали Влај), констатирано е дека радиодифузерот **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***